**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6579/**

# З А П И С Н И К

**Од 237.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 28.11.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 236.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Известување со бр.14-6505/1 од 21.11.2023 година.

3. Разно.

бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 236.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 236.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 236.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 236.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Известување со бр.14-6505/1 од 21.11.2023 година.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска даде вовед во оваа точка и го прочита пред присутните Известувањето со бр.14-6505/1 од 21.11.2023 година.
Членот Ристе Панов кажа дека истото Известување е доставено и до Директорот на МРТ, а до нас како совет е повеќе само како известување, ние како тело може да постапуваме само по последиците а на по тоа дали постои судир на интереси.
По расправата по однос на оваа точка од дневниот ред предложено беше следнава **Препорака:**
При разгледување на евентуална одговорност да се земе во предвид дали се нарушени стандардите и начелата на програмата предвидени согласно член 110 и член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
-Препораката едногласно беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред за збор се јави Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија и побара објаснување за 4 уредници на програма во МТВ2 кои извршуваат работи со налог за работа а сеуште земаат плата како новинари.

Седницата заврши во 15.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател